UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Меѓународни односи и дипломатија (2021/2022)** |
| Факултет | Современи Општествени Науки |
| Циклус на студии | Втор циклус (Постдипломски) |
| ЕКТС | 60 |
| Код | IRD60 |
| Титула | Магистер по меѓународни односи и дипломатија |
| Датум на акредитација | 27.10.2021 |

## Опис на програмата

Преку студиската програма Меѓународни односи и дипломатија студентите стекнуваат компетенции и знаења во областа на меѓународните односи, дипломатијата и политичките науки. Студентите се здобиваат со менаџерски, советодавни, политички, аналитички, правни знаења, вештини и компетенции, кои би биле применливи за работа во институции и организации во областа на меѓународните односи, дипломатски претставништва, како и за работа на мултинационалните компании и организации. Студиската програма Меѓународни односи и дипломатија ќе има значаен придонес  за интернационализација на високото образование на РСМ, унапредувањето на меѓународната соработка и развивањето на иновативни знаења, способности, вештини и компетенции кај студентите од оваа област. Истовремено, студиската програма соодветствува со потребите на пазарот на трудот. Како таква има значаен придонес за оспособување на студентите за градење професионална кариера преку стекнување високообразовни квалификации согласно со потребите на пазарот на трудот.

## Кариера

Студиите по Меѓународни односи и дипломатија овозможуваат исполнување на образовните потреби за поддршка на студентите да ја започнат својата професионална кариера во: државните, дипломатските институции, јавните институции, непрофитабилни организации, меѓународни владини и невладини институции и организации, како и академски институции.

## Резултати од учењето

**Знаење и разбирање**

Има длабоки знаења и компетентно разбирање на теориите во областа на дипломатија.
Има специфични знаења за преговорите, медијацијата и за другите начини за решавање конфликти.
Има одредени знаења за улогата на меѓународните организации во дипломатијата.
Има јасни знаења и разбирања за надворешната политика и за главните актери (државни и недржавни) кои ја сочинуваат динамичната мрежа на министерството за надворешни работи.

**Примена на знаењето и разбирањето**

Може да се вклучува успешно во мали дипломатски задачи, да работи во дипломатски претставништва или во сектори за надворешни работи во рамките на различни министерства и да биде член на меѓународни трговски организации и на други институции.
Може да работи како член на тимот за развој на преговарачките позиции за меѓународни правни прашања.
Може да ја толкува теоретската перспектива во меѓународните односи во одредени случаи.
Ја опишува улогата на дипломатијата во светската политика.

**Способност за проценка**

Расудува за тековната дипломатија и за процесите на меѓународно ниво.
Оценува статии со различна комплексност за меѓународни теми.
Има способност да интерпретира релевантни податоци за расудување кои се одраз на релевантни дипломатски прашања.
Може да направи критично размислување и да дава критички ставови за работата на дипломатските организации како што е министерството за надворешни работи и за работата на дипломатските мисии.

**Комуникациски вештини**

Може да пишува писма во рамките на соодветно дипломатско комуницирање.
Може да пишува и да презентира научни трудови и да подготви истражувачки проекти од областа на дипломатијата.
Може да презентира на аудиториум форми на решавање специфични проблеми во меѓународните односи и дипломатијата.
Може да развие соодветна дипломатска комуникација и да користи соодветна терминологија со претставници на дипломатските мисии во РСМ.

**Вештини на учење**

Ги зголемува професионалните знаења работејќи во дипломатските претставништва.
Е во состојба да ги идентификува личните потреби за натамошни знаења и да продолжи со индивидуално учење за глобалните прашања.
Е во можност да преземе и да примени нов транспарентен начин во македонската дипломатија со цел да се реализира евроатлантската перспектива на земјава.

# Листа на предмети

## Семестар 1

- [MCDP1010] [6.0 ЕКТС] **Методологија на истражување**
- [CM149] [6.0 ЕКТС] **Глобализација и управување**
- [MCPA3040] [6.0 ЕКТС] **Политички менаџмент**
- [MCDP1030] [6.0 ЕКТС] **Историја на дипломатијата**
- [6.0 ЕКТС] **Општ изборен предмет**

## Семестар 2

- [MCPA4010] [30.0 ЕКТС] **Магистерски труд**

# Description of courses

## Задолжителни предмети

- **Методологија на истражување**
Овој предмет е дизајниран за студенти кои се подготвуваат за изработка на магистерска теза. Главните цели на предметот е на студентите да им се нудат алатки за коцептуализација на нивната теза во однос на изноаѓање на истражувачко прашање и создавање на методи за прибирање на податоци преку и кавалитативна и квантитативна анализа. Предметот е фокусиран на проблемите на кавантативните методи и техники,како што е статистичката анализа, текстови поврзани со теоријата и тестирање на хипотези.Потоа од значење се и темите за дескриптивна и каузална инференција, лонгитудинални, компаратаивни истражувања и студија на случај. Напредни информации ќе се нудат за прибирање на податоци работејќи со текст. Целта е

анализирање на квалитатаивни податоци, финално ставање на сите тероетски и практични дејствија во функција на дисајнирање и пишување на тезата.

- **Глобализација и управување**
  Цели на програмата: Да развие кај студентотот аналитичка рамка и историски контекст за разбирање на глобализацијата и управувањето, нивните основни концепти, главните политички институции и политичка динамика. Да му овозможи да дебатира за глобалните политики. Да развие кај студентот способности за рабирање на контроверзните политички избори во врска со глобализацијата. Да разбере како глобализацијата и глобалната финансиска криза влијаат на конкурентноста на позициите на нашата земја и нееднаквостите во вашето општество. Да генерира кај студентот истражувачки вештини за новите социјални феномени на векот и за разгледување на креативни начини за справување со нив. Да генерира сенс за истражување, да се здобие со писмена и усна комуникациска вештина во врска со глобализацијата и управувањето.

- **Политички менаџмент**
  Основни цели на предметот: - Да стекнат основни знаења за поимите политика и менаџмент. - Да се запознаат со основните алатките и активностите во врска со разликување на политичките процеси според различни критериуми. - Да стекнат адекватни знаења за подготовка на анкета и теренско работење. - Да ги применат стекнатите знаења од другите предмети и да ја надградат посебната методологија за изработка на есеи и семинарска работа. - Да ги анализираат изборните процеси и начинот на изведување. - Да се оспособат да подготват политички говор и да се симулира појава на политички настан. - Да се оспособат за активно учество во дебата организирани од студентската унија. - Да подготват и да учествуваат во истражувачки проекти и да презентираат резултати на научноистражувачката дејност. - Да детерминираат различни начини и да ги употребуваат научните извори, да читаат селективно и компаративно и да ги анализираат политичките процеси.

- **Историја на дипломатијата**
  Преку предметот ќе се обезбедат теоретски и методолошки способности за разбирање на дипломатијата и на дипломатските односи од историски аспект и на современ план. Студентите ќе бидат квалификувани за независна и продлабочена научна и истражувачка работа во најширока смисла на дипломатијата, што ќе им овозможи трансмисија на теоретските, научните и на истражувачките сознанија во општествената практика.

- **Магистерски труд**
  Овој модул им овозможува на студентите да ги пренесат своите вештини и знаења за истражување и за составување на покомплицираната задача - пишувањето на магистерскиот труд. Модулот е целосно практичен за да ги стекнат потребните знаења, способности, вештини и доверба за да пристапат кон истражување и пишување на тезата. Модулот има единствен повратен резултат - да им овозможи на студентите да ја пишуваат магистерската теза со минимални тешкотии и со максимална ефективност. Сè што е предвидено е во насока на подобрување на техниките на истражување и на стилот на пишување на магистерската теза, водејќи сметка притоа за забраната со служење со недозволените средства како: плагијаторство и повреда на авторските права, кои се забранети со Статутот на УЈИЕ.

## Изборни предмети

- **Компаративни политички и административни системи**
  Предметот има за цел снабдување на студентите со знаења околу најразвиените политички системи во современиот свет, се разбира без да се оставаат на страна политичките системи на земјите што ја опкружуваат РСМ како и политичките системи на помалку развиените земји низ целиот свет. Во текот на целиот предмет ќе се прават паралелизми и споредбени анализи меѓу функционирањето на институциите на политичките системи во земјите кои ќе се изучуваат, како меѓусебно така и со случајот на политичкиот систем на РСМ во правец на изнаоѓање добри практики со кои би се унапредил и политичкиот систем на РСМ.

- **Европска Унија: институции, политики и право**
  Целта на овој предмет е да се запознаат студентите со комплексноста и со развојот на европската интеграција, а со самото тоа и со развојот на: институциите (политички и правни), нивната природа и посебностите, легислативата и политиките. Воедно, основната цел е запознавање на студентите со главните теоретски толкувања на развојот на Европската унија и согледување на сегашните и можни идни предизвици со кои ЕУ се соочува, пред сè, во однос на нејзините институции, политики и право.

- **Анализа на надворешна политика**
  Теоретскиот дел од содржината на овој предмет ќе биде фокусиран врз: начините и средствата за комуникација меѓу државите, влијанието на јавното мислење и медиумите во креирањето на надворешната политика, влијанието на различните внатрешни и надворешни субјекти во фокусирањето на одредени прашања од надворешната политика. Практичниот дел ќе биде насочен кон анализа, отворени дискусии и предвидувања за одредени настани во развој.

- **Лидерство и организациски развој**
  Целта на предметот е да им се овозможи на студентите да научат како лидерите и раководителите ги развиваат и ги спроведуваат мисијата и визијата на одредена организација во јавниот сектор; развивање вредности кои се неопходни за долгорочниот успех и нивна примена преку соодветни активности и навики; како лидерите и раководителите лично се вклучени во обезбедувањето сигурност дека системите за управување со организацијата ќе се развиваат и ќе се спроведуваат; начинот како организацијата ја спроведува својата мисија и визија преку јасна стратегија заснована на мислењата на сите заинтересирани страни, поддржана од сите релевантни политики, планови, цели и процеси.

- **Меѓународна политичка економија**
  Предметот се фокусира на политичките основи и последиците од современата светска економија. Се обработуваат некои основни економски концепти. Предметот ќе ја испита еволуцијата на меѓународниот економски систем од Втората светска војна, со особено осврнување на современите проблеми, дебати и прашања, ќе ги анализира меѓународните и домашните објаснувања за овие случувања, и ќе го илустрира различната моќ на објаснување на различни пристапи со нивно применување во избор на емпириски случаи.

- **Преговори и разрешување на конфликти**
  Во рамките на предметот се проучуваат судските и вонсудските процедури за решавање спорови помеѓу државите. Притоа се обработуваат улогата на преговорите, медијацијата и помирувањето и улогата на Обединетите нации за мирно решавање меѓународни спорови. Се проучува и системот на меѓудржавната арбитража: ад-хок и таа во рамките на веќе создадените трибунали како Иран-УСА, Трибуналот Клејмс и ИЦСИД. Ќе бидат изучувани практиките и процедурите на Меѓународниот суд за правда и негови капацитети, како и механизмот за решавање меѓународни спорови за човекови права, во трговското право и во поморското право.

- **Одржлив развој**
  Преку овој предмет студентите ќе стекнат сеопфатни знаења во однос на одржливиот развој како нов концепт на развој кој се наметнува на глобалната сцена, кој може да овозможи опстанок на планетата земја. Студентите ќе стекнат нови знаења за појавата на концептот на одржливиот развој, значењето и супериорноста на концептот на одржливиот развој, глобалните проблеми на животната средина, разбирање на принципите и димензиите на одржливоста, а притоа ќе бидат во можност да ја осознаат политиката на ЕУ за одржлив развој, начинот на кој РСМ гради политика на одржливост на развојот. Изучувањето на овој предмет ќе придонесе за стекнување продлабочено знаење за одржливиот развој, на меѓународно ниво, на ниво на Европската унија и нејзините земји членки, како и во РСМ.

- **Меѓународен бизнис**
  Преку овој предмет студентите ќе стекнат знаење за меѓународниот бизнис. Притоа студентите ќе ја увидат разликата меѓу теоријата и практиката во меѓународниот бизнис, улогата на трансакциите во меѓународното банкарство, начинот на нивна реализација, ќе ги совладат банкарските гаранции и акредитиви, ЕУРОЛИБО кодовите кои се користат при извршување на трансакциите.

- **Современи политички системи**
  Цели на преметот: - Студентите да се запознаат со политичките системи од аспект на нивниот поим, специфичности и историски развој. - Студентите да стекнат основни знаења за главните теории и концепции за политичките системи. - Студентите да се запознаат со основните пристапи во однос на класификацијата на политичките системи. - Студентите да се оспособат да ги распознаваат спецификите на одделни политички системи.

- **Дипломатски протокол**
  Во рамките на теоретскиот дел на предметот студентите ќе имаат можност да ги запознаат главните карактеристики на развојот на дипломатскиот протокол низ историјата. Посебно внимание ќе биде посветено на карактеристиките на современиот дипломатски протокол и како резултат на тоа, ќе биде разгледана практиката на повеќе земји развиени во оваа област како и дипломатскиот протокол во рамките на

меѓународните организации.